









# „Мар“

Ова момче има седумнаесет години и се вика МАРКО ЕФРЕМОВ. Учи во УПУ „Лазар Личеновски“, трета година, графички отсек. Влијание: Cartoon Network. На релација меѓу надреализмот, фантастиката и футуризмот; неговиот талент гради фигури и форми што ќе можеа да оживеат во цртаните филмови на возобновената македонска школа на анимиран филм. Идеја на Дарко Марковиќ од 1996 година. Иако тогаш Дар Мар беше опкружен од способни цртачи и луѓе со идеи за луди сценарија, ѓаволот го натера да се кандидира за градоначалник. И идејата пропадна.

**ЦРТЕЖИТЕ**

И додека овој хибрид од булдожер и тенк ми го дроби текстот, крвта од буквите ги навестува стриповите на Марко, во кои ќе се соочуваме со имагинарни а жестоки битки меѓу овие абнормално мускулести суштества, чии екстремитети мутирале во рог, пила, чекан и сабја. Во името на честа на тупаницата, ФАНТОМ МАШИНА ќе биде столчен од МЕСО ПРОПЕЛЕР. А овој, пак, ќе остане обезглавен од семоќното разлигавено ламјиште, кое ждере живи черепи за самото себеси да се доцрта. Наранета, ламјата им се кикоти на овие нослести карикатури, поради пластичноста и нус супериорноста излезена од темето.

Самоукоста е единствен опстанок за овој опасен цртеж. Од стерилноста и импотентноста на Детска радост, Просветно дело и други издавачки пералници, упорно добиваме цртачки нивоа на деградација и духовна бедотија (исклучени се странските преведени изданија). За година-две го чекаме Марко во „Студентски збор“.

Иванка АПОСТОЛОВА

5.12'99